Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( Службен весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/08, 167/10, 51/2011 и Службен весник на РСМ" бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 10 став 4, член 11 и член 13 од Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" Бр.51/20 и 172/21), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШЕН РЕД И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА Бр.03-7023/1 од 29.09.2017 година и Бр.03-9105/1 од 22.08.2018 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
11-07-2022 03-5214/1
СКОПЈЕ - SHKUP

Член 1

Во Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика бр. 03-7023/1 од 29.09.2017 година, и Бр.03-9105/1 од 22.08.2018 година во:

**- членот 17 став 6 зборовите** ""Вработениот има право на приватно отсуство во траење од 2 часа во текот на месецот. Приватното отсуство се најавува кај непосредно претпоставениот раководител и секторот за управување со човечки ресурси. Вработениот е должен истото да го евидентира во системот за електронска евиденција при излез од министерството. Потребата за отсуство од работа во текот на работното време вработените го остваруваат преку електронска комуникација (е-маил) со непосредно претпоставениот раководител, односно државниот секретар, и отсуството задолжително го регистрираат со употребување на електронските картички во системот за електронска евиденција".

**се менуваат** и новите зборови гласат :

"Вработениот има право на оправдано отсуство во траење од 4 часа во текот на месецот, на начин што може да се јави на работното место со задоцнување, а без притоа да биде санкциониран од работодавачот најмногу 4 часа во текот на еден месец. Отсуството се најавува кај непосредно претпоставениот раководител и Секторот за управување со човечки ресурси. Вработениот е должен истото да го евидентира во системот за електронска евиденција при излез од министерството. Потребата за отсуство од работа во текот на работното време вработените го остваруваат преку електронска комуникација (е-маил) со непосредно претпоставениот раководител, односно државниот секретар, и отсуството задолжително го регистрираат со употребување на електронските картички во системот за електронска евиденција".

**Член 2**

**Во членот 18 по ставот 16 се додава нов став 17 кој гласи:**

"Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности до седум работни дена во текот на календарската година и тоа за:

- склучување брак - 5 работни дена;
- склучување брак на дете - 3 работни дена;
- раѓање или посвојување дете - 3 работни дена;
- смрт на сопружник или дете - 5 работни дена;
- смрт на родител, брат, сестра - 3 работни дена;
- смрт на родител на сопружник - 2 работни дена;
- смрт на дедо или баба - 1 работен ден;
- развод на брак – 3 работни дена (најдоцна до правосилноста на пресудата за развод на бракот);
- полагање на стручен испит за потребите на работодавачот - 3 работни дена;
- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат - 3 работни дена;
- селидба на семејството од едно во друго место - 3 работни дена;
- селидба на семејството во исто место – 1 работен ден;
- елементарна непогода и климатски неповолен настан - 5 работни дена;
- елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домот за кој се доставува доказ) – 3 работни дена;
- кражба во домот – 1 работен ден;
- прв ден на прваче - 1 работен ден;
- доброволно дарување крв – денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на огласната табла во министерството и органите во состав, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот Бр.03-9105/1 од 22.08.2018 година, престанува да важи, а Правилникот Бр.03-7023/1 од 29.09.2017 година, во останатиот дел останува непроменет.

МИНИСТЕР,
Јованка Тренчевска

Изработил: Љ.Панова